МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# ТАРИФНИК
## за надоместокот на помирувач, односно арбитер во врска со мирно решавање на колективен, односно индивидуален спор

Скопје, август 2015 година

Врз основа на член 14 став 3 од Законот за мирно решавање на работни спорови („Службен весник на Република Македонија" бр.87/07 и 27/14), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ТАРИФНИК
## за надоместокот на помирувач, односно арбитер во врска со мирно решавање на колективен, односно индивидуален спор

### Член 1

Со овој тарифник се пропишува висината на надоместокот на помирувач, односно арбитер во врска со мирно решавање на колективен, односно индивидуален спор.

### Член 2

Помирувачот, односно арбитерот согласно законот имаат право на надоместок за мирно решавање на колективен, односно индивидуален спор.

Помирувачот, односно арбитерот остварува право на надоместок под услови утврдени во член 3 од овој тарифник.

### Член 3

Помирувачот, односно арбитерот има право на надоместок и тоа:

1) на име подготовка за водење на постапка за мирно решавање на работен спор (проучување на материјал, закажување на расправа и др) во износ од 1.800 денари по еден спор и
2) за учество во постапката и донесување на определен акт (препорака, решение) – во износ од 3.600 денари во индивидуален спор и 4.200 денари за колективен спор.

Во случај кога е донесена одлука за спојување на предлози за мирно решавање на индивидуален спор за водење на единствена постапка, наградата на арбитерот за работите од став 1 точки 1 и 2 се зголемува за 30% за секоја наредна странка.

Помирувачот, односно арбитерот за еден месец не може да оствари награда за повеќе од 10 спора по сите основи за работите од став 1 точки 1 и 2 од овој член.

Член 4

Пресметката и исплатата на надоместокот за помирувачите и арбитрите го врши Министерството за труд и социјална политика, согласно расположливите податоци за извршената работа за претходниот месец.

Член 5

Овој Тарифник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 08-7514/1
17 август 2015 година
Скопје

МИНИСТЕР
Диме Спасов